Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 20.05.2021

На 19.05.2021 во 17.40 часот на Граничен премин „Табановце", од слобода бил лишен С.И.(26) од Куманово, затоа што при извршена проверка било констатирано дека лицето, по телеграма од Сектор за меѓународна полициска соработка, се наоѓа во службената евиденција за издржување казна затвор за сторено кривично дело „прикривање", казнило по член 261 став 1 од Кривичниот законик. Лицето било предадено на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 19.05.2021 во 10.00 часот на ул.„Борис Кидрич" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода О.А.(30) од Гостивар, поради основано сомнение дека е сторител на повеќе тешки кражби на дрзок начин во Гостивар и Гостиварско. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.05.2021 полициски службеници од Полициската станица Штип го лишиле од слобода Д.З.(24) од Штип, поради сомнение дека околу 17.55 часот во продавен објект на ул.„Борис Крајгер" во Штип, извршил кривично дело „кражба" на паричник со пари, накит и документи од Е.Т.(35) од Штип. Од страна на полициски службеници украденот паричник со предметите бил одземен и вратен на Е.Т. По комплетирање на случајот против Д.З. ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 19.05.2021 во 08.30 часот на Граничен премин „Деве Баир" од слобода бил лишен К.Е.(44) од Република Турција, бидејќи при извршена пасошка контрола било констатирано дека поседувал фалсификувани зелени карти за товарно возило „волво" и полуприколка со турска национална ознака, со кои патувал. Лицето било предадено на полициски службеници од Полициска станица Крива Паланка, по што е поднесена кривична пријава до Основното јавно обвинителство Крива Паланка.

На 19.05.2021 во 15.25 часот на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје", од полициски службеници биле задржани Т.И.(43), Т.Г.(29), Е.Х.(50) и двајца малолетници, сите од Р.Турција, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „фалсификувани визи". За настанот е известен Јавен обвинител и по документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности" и „загадување на животната средина и природата", ОВР Струга поднесе кривична пријава против Е.К.(42) и В.К.(40), двајцата од струшко село Велешта. Пријавените, како сопственици на парцела покрај брегот на Охридското езеро во Струга, на 03.03.2021 ангажирале лица кои со градежна механизација извршиле насипување и тампонирање на нивното земјиште, но и на површина што е во државна сопственост. Притоа, узурпирале 1.372 метри квадратни државно земјиште, а со насипување на земја и градежен шут во водите на Охридското Езеро извршиле загадување на водите, уништивање на тската и на езерскиот биодиверзитет.

На 19.05.2021 околу 09.00 часот во СВР Тетово било пријавено дека во Маврово, поточно на двосед стазата во ски-центарот „Заре Лазарески", О.Ц.(54) од Скопје, управувајќи четирицикл, сопственост на ски-центарот, изгубил контрола и се превртел. Во незгодата, тој и сопатникот М.Д.(45) од Битола, двајцата работени во ски-центарот, се здобиле со тешки телесни повреди, констатирани во медицински установи во Скопје. Увид на местото извршила увидна екипа од ОВР Гостивар.

На 19.05.2021 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со бројна поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 83 прекршоци, од кои 30 на подрачјето на Штип, 10 во Кочани, 8 во Пробиштип, 5 во Виница, 4 во Делчево, 7 во Берово и 19 во Свети Николе. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 2 прекршока за технички неисправни возила, 3 за некористење сигурносен појас, 2 за користење мобилен телефон, 1 за непропишно престигнување и 1 за непрописно паркирање.

На 19.05.2021 во 12.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од бул.„Св.Климент Охридски" со ул.„Пиринска" во Скопје, велосипедистка Е.П.(50) од Скопје удрила во отворена врата од запрено такси возило, кое по незгодата го напуштило местото. Е.П. била пренесена во Градската општа болница „Св.Наум Охридски", каде ѝ биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на незгодата извршила екипа од СВР Скопје.

На 19.05.2021 во 16.50 часот во Трговски центар на подрачје на Центар, полициски службеници од СВР Скопје го привеле К.И.(37) од Јапонија, поради постоење основано сомнение дека го нарушил јавниот ред и мир по член 4 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир. Лицето било задржано во Полициска станица Центар за понатамошна постапка.
ОВР Струга поднесе кривична пријава против К.Б.(58) од Скопје и правно лице – хотел од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службената положба и овластување" и „бесправно градење" и против Д.Г.(37) од Бевчани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности". Пријавениот К.Б., како управител и одговорно лице во правното лице, иако знаел дека договорот за закуп и користење на плажа во близина на Струга, склучен помеѓу правното лице и Министерството за транспорт и врски бил изминат, по што требало земјиштето да го врати во сопственост и во владение на Република Северна Македонија, без одобрение за градење во текот на јуни 2020 изградил угостителски објект и без решение извршил реконструкција на постоечки објект. Тој, исто така, со пријавениот Д.Г. склучил договор за закуп на наведеното земјиште и објект за рок од 04.05.2020 до 04.05.2022 година.

На 20.05.2021 околу 04.00 часот во с.Студеничани, скопско, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода А.М.(28) и Н.Ј.(23), двајцата од с.Студеничани, затоа што ја прекршиле забраната за движење, а кај А.М. бил пронајден пиштол „екол" и пет гасни куршуми. Тие биле предадени на полициски службеници од Полициска станица Драчево за понатамошна постапка, а по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 19.05.2021 во СВР Скопје било пријавено дека бил вратен во домот В.С.(40) од Скопје, за кого на 16.05.2021 во Полициската станица Гази Баба било пријавено дека се оддалечил од домот.

На 19.05.2021 во 22.00 часот, од полициски службеници од СВР Скопје во с.Трубарево, скопско, бил пронајден С.П.(38) од с.Црешево, за кој претходно било пријавено дека се оддалечил од домот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Г.Ш.(21) од с.Желино, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба". На 06.05.2021, полициски службеници од Полициското одделение Групчин го запреле пријавениот со патничко возило натоварено со дабово огревно дрво, за кое не поседувал никаква документација за сеча и испратница за транспорт на огревни дрва.

На 19.05.2021 во 18.50 часот во СВР Скопје, К.Н.(48) пријавила дека околу 17.00 часот во близина на угостителски објект на подрачјето на Центар нејзината малолетна ќерка била физички нападната од едно лице, додека друго лице ѝ упатило закани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Р.Т.(62) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Пријавениот, во сојузство на инвеститор на земјиште во негова сопственост, лоцирано источно од населба Езерски лозја во Струга, во март 2021 изградил објект и ограден ѕид на целата парцела, без одобрение за градба од надлежни институции.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.И.(33) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 14.05.2021, полициски службеници извршиле претрес на дом и други простории кај пријавениот, при што биле пронајдени и одземени марихуна и дигитална вага со остатоци од кокаин и тетрахидроканабинол - психотропна компонента што ја содржи растението канабис.

На 18.05.2021 во 00.20 часот, полициски службеници од Полициското одделение Шуто Оризари ги лишиле од слобода Е.И.(41), Е.Ш., Л.Ш., Р.Ш. и 17-годишен малолетник, сите од Скопје, затоа што околу 21.30 часот на 17.05.2021 на ул.„Индира Ганди" се остри и тврди предмети оштетиле возило „ауди", во кое биле С.И.(35) и неговиот чичко Ф.Д., двајцата од Скопје. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 19.05.2021 околу 22.35 часот во СВР Скопје, Љ.А.(33) од Скопје пријавила дека околу 22.00 часот на паркинг простор на ул.„Њуделхиска" две лица со закана и употреба на сила се обиделе да ѝ ги одземат торбите што ги носела, но не успеале. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Д.Ѓ.(37) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување" и Д.Ш.(43) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „соизвршителство" и „помагање". На 23.04.2021, пријавениот Д.Ѓ. отишол во спортска облоѓувалница во Тетово, во која претходно бил управител, ги отстранил рекламните материјали и од касата земал 439.400 денари. Истиот ден, кога менаџерот на облоѓувалницата се јавил на второпријавениот и побарал да ги уплати парите на сметка на облоѓувалницата, тој го известил дека парите ги земал пропријавениот Д.Ѓ..

На 20.05.2021 во 02.51 часот во СВР Скопје, Р.Х.(55) од Скопје пријавил дека врз оградата од неговата куќа ул.„Алија Авдовик" било фрлено шише со запаливба течност, при што била причинета материјална штета, а повредени лица нема. Се работи на расчистување на случајот.

На 19.05.2021 во 15.00 часот во СВР Скопје, Ј.Б.(65) од Скопје пријавила дека на ул.„Петар Делјан" била касната од куче скитник.

Одделението за прекуграничен криминал СВР Скопје поднесе кривична пријава против Ш.М.(28), поради употреба на фалсификуван негативен ПЦР тест, кој на излез од Република Северна Македонија на 17.05.2021 на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје" го приложил како вистински.